# ЗАКОН

## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОЕКТОТ

## "АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО КУМАНОВО, ВЕЛЕС, ШТИП, СТРУМИЦА, ОХРИД/СТРУГА"

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската Банка за обнова и развој со

- Кредит во износ од 20,8 милиони ЕВРА наменет за реализација на проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга".

### Член 2

Рокот на отплата на кредитот од член 1 од овој закон е 15 години со грејс период од 4 години и варијабилна каматна стапка - ЕУРИБОР плус 1 процент.

Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 18-ти јануари и 18-ти јули секоја година, почнувајќи од 18-ти јануари 2005 година, а завршувајќи на 18-ти јули 2015 година.

На неповлечениот дел од средствата ќе се плаќа провизија од 0,5% годишно.

### Член 3

Република Македонија учествува со 5,1 милиони ЕВРА во овој проект што ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

### Член 4

Крајни корисници на кредитот се јавните претпријатија за водоснабдување на следните општини: ЈП Водовод Куманово, ЈКП Дервен Велес, ЈП Исар Штип, ЈПКД Комуналец Струмица, МЈП Проаква Охрид/Струга.

**Член 5**

Кредитот ќе се отплаќа од приходите што ги остваруваат јавните претпријатија за водоснабдување ЈП Водовод Куманово, ЈКП Дервен Велес, ЈП Исар Штип, ЈПКД Комуналец Струмица, МЈП Проаква Охрид/Струга кои се крајни корисници на кредитот.

**Член 6**

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорите, во име на крајните корисници ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет или на деловната банка, каде што крајните корисници имаат денарска сметка, да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".